Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

декември 2010 година
Штип

Број 51, 15 декември 2010 година

## СОДРЖИНА

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент / вонреден професор за наставно-научната област ортодонција на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставно подрачје радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 21

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник по предметот машинство, земјоделско машинство и механизација на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 27

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот - скрипта „Историја на музика 2 “ од д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот - скрипта „Хармонија 1“ од м-р Валентина Велковска-Трајановска, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 38

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот – скрипта „Полифонија 1“ од м-р Гоце Гавриловски, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........40

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот - скрипта „Полифонија 2“ од м-р Гоце Гавриловски, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........42

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ / ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОРТОДОНЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип на својата 33. редовна седница, одржана на 23.8.2010 година, донесе Одлука за распишување на Конкурс за избор на еден наставник во насловно звање доцент/вонреден професор (еден извршител) за наставно-научната област ортодонција на Факултетот за медицински науки.

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип на својата седница одржана на 7.10.2010 година ја донесе Одлуката број 2502-105/7 и решенијата со број 2502-105/21;22;23 за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање доцент / вонреден професор за наставно-научното областа ортодонција на стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип (еден извршител) во следниов состав:

1. проф. д-р Јулијана Ѓоргова, редовен професор на Стоматолошкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје,
2. проф. д-р Бона Бајрактарова, редовен професор на Стоматолошкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје,
3. проф. д-р Драгољуб Велевски, редовен професор на Стоматолошкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник" и „Лајм", на 23.9.2010 година.

На Конкурсот се пријави д-р Лидија Кануркова, доктор специјалист по ортодонција, вработена на Клиниката за ортодонција при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон" во Скопје.

Врз основа на пријавата и доставената документација и по нивното разгледување, Рецензентската комисија го доставува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Лидија Кануркова** е родена на 1 јули 1960 година во Ново Село, Струмичко. Основно образование завшува во Штип, а средно во Скопје, со одличен успех.

Во 1978/79 година се запишува на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на кој дипломира на 31 октомври 1983 година. Задолжителниот лекарски стаж го поминува во 1984/85 година, и истата година го положува стручниот испит.

Од 1 мај 1985 година е вработена на Клиниката за ортодонција како клинички лекар, каде работи и денес како насловен доцент - лекар специјалист по ортодонција.

На постдипломските студии од областа на ортодонцијата се запишува во учебната 1984/85 година, истите ги завршува во 1989 година со одбрана на магистерската тема со наслов „ТРАНСВЕРЗАЛНИ ОДНОСИ И ПРОМЕНИ ВО ОРОФАЦИЈАЛНАТА РЕГИЈА КАЈ УНИЛАТЕРАЛНИ ВКРСТЕНИ ЗАГРИЗИ" и се стекнува со звање магистер на стоматолошки науки.

На 22 март 1990 година започнува со специјализација по предметот Ортодонција. Специјалистичкиот испит го положува на 21 април 1993 година и се стекнува со звањето специјалист по ортодонција.

Во септември 1996 година ја пријавува докторската дисертација сонаслов „ПРИМЕНА НА МУЛТИДИМЕНЗИОНАЛНА АНАЛИЗА ПРИ ДИЈАГНОСТИЦИРАЊЕ НА ТРАНСВЕРЗАЛНИТЕ ОТСТАПУВАЊА ВО ДЕНТОФАЦИЈАЛНАТА РЕГИЈА". На 16 јуни 2000 година ја одбранува докторската дисертација и се стекнува со звањето доктор на стоматолошки науки.

Во јуни 1990 година е избрана за помлад асистент на Катедрата за ортодонција при Стоматолошкиот факултет во Скопје, а во јуни 1993 година е избрана за асистент по истиот предмет. Реизбрана е во ова звање во 1996 година, потоа во 2000 година и во 2004 година.

Потоа во јуни 2004 година е избрана во звањето научен соработник по предметот Ортодонција, а во септември 2008 година е избрана во звањето насловен доцент.

По повод Светскиот ден на здравјето, од Македонското лекарско друштво добива Благодарница во 1994 година, Диплома во 1995 и Плакета во 1998 година за ангажираност и придонес во остварувањето на целите и задачите во Македонското лекарско друштво.

По повод 40-годишнината од основањето на Стоматолошкиот факултет, добива Благодарница за научноистражувачка дејност, наставна ангажираност и придонес во извршувањето на задачите на Стоматолошкиот факултет.

По повод јубилејот 50-годиини постоење на Стоматолошкиот факултет, во 2009 година, Стоматолошкиот факултет на насловен доцент д-р Лидија Кануркова доделува Пофалница за учеството во работата и развојот на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Активно се служи со англискиот јазик.

***Стручна и научна дејност***

Од почетокот на своето вработување како стоматолог, клинички лекар, активно е вклучена во здравствениот процес на Клиниката, секојдневно партиципирајќи на стручен и здравствен план во третманот на ортодонтските малоклузии кај пациенти од рана детска возраст до адултна возраст, притоа употребувала современи методи и техники при дијагностицирањето на ортодонтските неправилности, применувајќи современи фиксни терапевтски техники кои овозможиле адекватно коригирање на ортодонските дизгнатии и постигнување на функционално-естетска рамнотежа на орофацијалниот систем.

Има повеќе стручни престои во странство: Америка и Јужна Кореја, на Универзитетот во Оклахома Сити, на Клиниката за ортодонција кај проф. д-р Ram Nanda, проф. д-р Franc Currier, проф. д-р Klontz, проф. д-р Felton, проф. д-р. Il Bong Kim и проф. д-р Sun Kuk Lee, во Сеул, Кореја, проф. д-р McNamara и Katerin Kelly во Ан Арбор, на Универзитетот во Мичиген, САД.

Во 1997 година престојува два месеца (септември-октомври) на Универзитетот во Оклахома Сити, САД, на Клиниката за ортодонција, кај професорите Ram Nanda и Franc Currier, посетувајќи ги нивните семинари и курсеви, проследувајќи ги: телерентгенските анализи на пациенти со ортодонтски малоклузии, планот на терапијата, како и техниките и материјалите кои се користат при третманот на пациенти со фиксна техника.

Во 1998 година престојува еден месец во Америка, на истата Клиника за ортодонција на Универзитетот во Оклахома Сити, при што имала активно учество во работата на типодонт, метод преку кој со аплицирање на ортодонтски фиксни постапки, практично се согледуваат движењата на забите, и начинот на коригирањето на забите во однос на нивната позиција и поставеност во денталните лакови. Исто така, ги посетува предавањата и семинарите, за специјализантите на оваа клиника презентирани од врвни светски ортодонти кои презентирале свои методи и ортодонтски техники кои овозможувале успешно коригирање на ортодонтските неправилности.

Во септември 1998 година престојува две недели во градот Тусон, Аризона (Америка), каде има активно учество на Tweed курсот по Edgewise фиксна техника. Курсот бил одржан од светските познати професор Merifild, Klontz и Vaden. Други предавачи на овој курс биле познати професори од Јапонија, Кореја, Бразил, Европа и Америка, како инструктори кои го презентирале планот на третман на ортодонтските аномалии преку примената на Tweed техниката. Na ovoj курс се изработувале фиксни ортодонтски лакови од прв, втор и трет ред, кои се применуваат во ортодонтската пракса за адекватно коригирање на скелетните и денталните ортодонтски неправилности.

По завршувањето на овој курс се стекнува со диплома од Интернационалната Tweed ортодонтска фондација за познавање на методологијата и техниката на Edgewise фиксната техника и се здобива со правото да се зачлени во Tweed светска ортодонтска фондација.

Од 1998 година до денес е единствен член од Македонија на Светското интернационално здружение на ортодонти на Tweed-фондацијата за ортодонтска наука.

Во 2000 година престојува еден месец(10 октомври-6 ноември) на Универзитетот во Оклахома Сити, следејќи ги предавањата и семинарите за раст и развој на орофацијалната регија, примента на екстраорални сили со окципитална и паринетална влеча, бондирање и дебондирање на фиксните ортодонтски апарати и учествува во практичната работа со пациенти.

Во октомври 2000 година присуствува на 23-тиот Tweed симпозиум, на Charls H. Tweed интернационалната фондација во Вашингтон, на кој ги следела предавањата од светски познати ортодонти, меѓу кои и проф. д-р Bjorn Zacrisson од Норвешка, кој го презентирал третманот на гингивална насмевка, естетските проблеми на лицето на пациентот и торкот на забите, кои се услов за постигнување на стабилни и добри резултатите при ортодонтскиот третман.

Во октомври 2001 година е на еднонеделен стручен престој (22.10 до 29.10.2001) во Сеул, Кореја, во Кореанскиот ортодонтски институт за наука, кај проф. д-р Sun-Kuk Lee, посетувајќи го курсот на виткање лакови од прв, втор и трет ред, со употреба на типодонт при третман на пациенти со Tweed-техника, на кој биле презентирани скелетни малоклузии третирани со екстаракција и без екстракција на заби.

Во ноември 2002 година е на стручен престој кај проф. д-р James McNamara и Katerine Kelly на Ан Арбор - универзитетот во Мичиген, САД посетувајќи ги предавањата и курсевите за морфолошки карактеристики на орофацијалната регија кај пациенти со расцепи на уста и лице, и примена на телерентген анализата во дијагностицирањето на ортоднтските малоклузии.

Исто така, во ноември 2002 година стручно престојува на Клиниката за ортодонција на Универзитетот во Оклахома Сити, каде ги проследува клиничките и лабораториските постапки за изработка на Nance апарат, интраоралните позиционери, како и изработка на фиксни апарати со помош на самолегирачки бракети.

Во декември 2002 присуствува на 24-тиот Biennal meeting на Charls H. Tweed Fondation for Orthodonthic research на кои предавале професори од Франција, Италија, Универзитетот Мичиген, Јапонија, Бразил и Канада.

Во 2005 година престојува на Клиниката за ортодонција на Универзитетот во Оклахома Сити, каде ги проследува курсевите за пренатален и постнатален раст и развој на децата и настанувањето на ортодонските дизгнатии условени од генетски фактори и фактори на надворешната средина, го посетува семинарот за третманот на пациенти со II класа прво одделение, III класа, како и пациенти со збиеност.

Од 23 до 24 септември 2005 година активно учествува во workshop на Charls H. Tweed Fondation for Orthodonthic research, кој се одржува во Аризона, САД. На овој workshop се презентирани индикација и начините на аплицирање, на микроимплатите во орофацијалната регија, како и нивното значење во коригирањето на ортодонтските малоклузии.

Со свои стручни и научни трудови учествува на домашни симпозиуми и конгреси, балкански, европски и светски симпозиуми и конгреси.

Со усни презентации учествува на следниве собири и Конгреси:

1. V стоматолошки собир на лекарите на Македонија одржан во Дојран во 1987година,
2. VI стоматолошки собир на лекарите на Македонија, Дојран,1991година.
3. XXX конгрес на Антрополошкото друштво на Југославија, одржан во Охрид во 1991 година.
4. Собирот „Трансфер на науки” во Дојран во 1994 година.
5. XX стоматолошка недела на Србија, одржана во Брезовица (Југославија) во 1995 година.
6. I симпозиум на ортодонтите на Југославија во Ниш во 1996 година.
7. III трансфер на наука, во Дојран 1997 година.

8. I интернационален симпозиум на Ортодонтското здружение од Анкара за ТМЗ, одржан во Анталија 1999 година.
9. III конгрес на стоматолозите од Македонија, Охрид, 2002 година.

Пленарни предавања одржува на

1. Пленарно предавање има на едукативниот ортодонтски курс во Македонија во 2005 година, на стоматолозите специјалисти по ортодонција од Македонија.
2. Со пленарно предавање учествува на Балканскиот конгрес во Истанбул во 2007 година.
3. Активно учествува на Првиот симпозиум на ортодонти на Македонија, одржан во Скопје, март 2010 г., со пленарна тема „МОРФОЛОШКО-ФУНКЦИОНАЛНИ ПРОМЕНИ КАЈ ФАЦИЈАЛНИТЕ АСИМЕТРИИ".

Со постер-презентации учествува на следниве конгреси и симпозиуми:

1. Конгреси на стоматолозите на Македонија во 1994, 1998, 2002, 2006 и 2009 година.
2. Балканските стоматолошки конгрес (БАСС) во 1997, 2000, 2002, 2004, 2005 и 2007 година.
3. Светскиот симпозиум на ортодонтите во Анталија (Турција) во 1999 година.
4. I светски Edgewise - ортодонтски конгрес во Сеул (Кореја) во 2001 година.
5. Европските ортодонтски конгреси во Прага, 2003, Виена, 2006, Берлин 2007, Лисабон 2008 година.

Активно учествува на повеќе едукативни курсеви и симпозиуми во земјава и во странство:

1. Учествува на постедукативниот курс по ортодонција во Скопје, 1993 година, организиран од Стоматолошкиот факултет – Скопје.
2. Едукативен курс од проф. Вердон од Франција 1993, одржан на Стоматолошки факултет – Скопје.
3. Едукативен курс од Il Bong Kim од Кореја 2002, одржан на Стоматолошки факултет – Скопје.
4. Постедукативен курс - Примена на современи терапевтски дијагностички методи и техники во ортодонцијата, одржан во Скопје 2005, организирано од Здружение на специјалисти по ортодонција.
5. Учествувува на Меѓународениот симпозиум во 2006 година во Крушево, организиран од Здружението на специјалисти по ортодонција.
6. Едукативен курс за II класа прво одделение, во Скопје, организирано исто така од Здружение на специјалисти по ортодонција.
7. Учествува на едукативниот курс „Нови хоризонти во ортодонтски третман на малоклузија II класа", Скопје 2007.
8. Симпозиум со меѓународно учество „Клиничка ортодонција" во Охрид 2007.
9. Едукативен курс за микроимпланти, 2008, Скопје, организиран од Стоматолошкиот факултет - Скопје и Дентаурум.
10. Едукативниот курс за „Миофункционално влијание на развитокот на лицевите структури врз забите", организиран од Здружение на специјалисти по ортодонција при Македонското стоматолошко друштво одржано на 31.10.2008 година,
11. Едукативен курс од проф. Nanda, организиран од Здружение на специјалисти по ортодонција при Македонското стоматолошко друштво одржано во Охрид 2009 година.
12. Учествива на Damon курсот за фиксна техника одржан во Белград од страна на д-р Rafael Garcia, 2009 година.

Својата едукација ја надополнува и со учество на семинари, организирани од Стоматолошкиот факултет во:

1. Март 2006 г., ПРИМЕНА НА ЛАСЕРОТ ВО ОРАЛНАТА ПАТОЛОГИЈА;
2. Октомври 2006 г., ЕСТЕТИКА ВО СТОМАТОЛОГИЈАТА;
3. Март 2007 г., ДЕНТАЛНИ ФОКАЛНИ ИНФЕКЦИИ - профилакса и менаџмент;
4. Ноември 2007 г., ЗА ХРОНИЧНАТА ОРОФАЦИЈАЛНА БОЛКА;
5. Учествува на семинарот „Алергии во стоматологијата", организиран од Стоматолошкиот факултет во Скопје, 24 октомври 2008 година;
6. Учествува на Симпозиумот „Актуелности во стоматологијата во 21-тиот век" 2010 година организиран од Стоматолошката комора и Стоматолошкиот факултет - Скопје.

***Наставна дејност***

Уште со вработувањето на Клиниката за ортодонција, како клинички лекар, д-р Лидија Кануркова е вклучена во едукативниот процес на студентите, помагајќи во изведувањето на вежбите по предметот Ортодонција, практична настава, и учествува во изведувањето на предиспитните вежби по предметот Ортодонција на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Како помлад асистент, асистент, а потоа научен соработник и насловен доцент по предметот Ортодонција, учествува во изведувањата на вежбите, како и на практичниот дел од испитот на студентите по предметот Ортодонција на Стоматолошкиот факултет. Учествува во изведување на вежбите и при реализација на практичниот дел од испитот на предметот Ортодонција од студиската програма на Високата школа за стручни забни техничари.

Исто така, д-р Лидија Кануркова активно учествува во подготвувањето на наставната програма по ортодонција и групата предмети на Катедрата по ортодонција на Стоматолошкиот факултет и изготвување на испитната база со испитни прашањата за писмениот дел од испитот по предметот Ортодонција, започнувајќи од подготовка на базата на прашања кои биле имплементирани во компјутерскиот систем на Стоматолошкиот факултет, Скопје.

Во периодот од 1990 до 2009 е ментор на седум студентски теми кои биле презентирани на студентски конгреси по стоматологија, со меѓународно учество.

Од 2004 година како научен соработник редовно учествува во предавањата, вежбите и стручното усовршување на студентите на Високата школа за стручни забни техничари, како и на Високата школа за стручни стоматолошки сестри.

Во периодот од 15 март 2006 до 7 јуни 2007 година активно учествува и во вториот циклус на студии (специјалистички студии по предметот Ортодонција) на Стоматолошкиот факултет во Скопје, при што реализира настава по предметот Ортодонција. Во програмата на специјалистичките предавања по предметот Ортодонција се вклучени најсовремени методски единици од светската стручно-научна и апликативна ортодонтска литература од светски автори, пред сè, била користена литература од најпознатиот американски ортодонт проф. д-р W. Proffit.

Едукацијата на специјалистичките предавања ја надополнува со индивидуална менторска практичната работа, со цел студентите на специјализација да бидат максимално и активно вклучени и во практичниот дел на ортодонција, исто како при секојдневната стручно-апликативна работа, притоа изучувајќи ги техниките и методите на современите фиксни техники за корекција на малоклузиите.

Од 2008 година, исто така, учествува во изведувањето на теоретската и практичната настава по предметот Ортодонција на студентите од Високата школа за стручни забни техничари.

Д-р Лидија Кануркова учествува во изготвување на предметните програми по ортодонција за додипломски студии на студентите по стоматологија, на студентите на високата школа за стручни забни техничари и високата школа за стручни стоматолошки сестри.

До изборот за помлад асистент објавува седум научно-стручни трудови кои се рецензирани во Билтенот број 537 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, во 1990 година.

1. Бојаџиев Т., **Кануркова Л.**, Еленчевски М., Тодевска Д., Тодоровска С. КОНТРОЛНИ ТОЧКИ ЗА ИДЕАЛНИ МАКСИЛАРНИ И МАНДИБУЛАРНИ ДЕНТАЛНИ ЛАКОВИ. Зборник на трудови од VI Конгрес на СЗРМ, Струга, 1986:276-281.
2. Ќофкарова Н., **Кануркова Л**., Лазаревска Е., Вандевска В., Тодоровска С. ПРИМЕНА НА МОНОБЛОКОТ ВО ЛЕКУВАЊЕТО НА АСИМЕТРИЧНИТЕ УНИЛАТЕРАЛНИ ВКРСТЕНИ ЗАГРИЗИ. Зборник на трудови од VI Конгрес на СЗРМ, Струга, 1986: 302-304.
3. Бојаџиев Т., Вандевска В., Лазаревска Е., **Кануркова Л.** ВАРИЈАЦИЕ МЕЗИОДИСТАЛНИХ ДИЈАМЕТАРА ЗУБА У ЧОВЕКА. Акта Стоматоло. Наиси, 1986; 5: 27-32.
4. Ќофкарова Н., **Кануркова Л.** ОРТОДОНТСКА КЛИНИЧКА ПРИМЕНА НА ФАЦИЈАЛНАТА ТЕЛЕРАДИОГРАФИЈА. Макед.стоматол.прегл. 1988; XII (1-2):13-20.
5. Бојаџиев Т**., Кануркова Л. ПОДГОТОВКА НА МОДЕЛИ ЗА ОРТОДОНТСКА АНАЛИЗА. Усна презентација на** V Стоматолошки собир на лекарите на Македонија (Збирка на апстракт) Дојран,1987:38.
6. Бојаџиев Т., Кануркова Л., Сековска Ц., Петровиќ Б., Радески Ј. СКЕЛЕТЕН ОТВОРЕН ЗАГРИЗ - ДИЈАГНОЗА И ТЕРАПИЈА. (Збирка на апатракт) V Стоматолошки собир на лекарите на Македонија, Дојран,1987:53.
7. Бојаџиев Т. Ќофкарова Н., Ѓорчулеска Н., Ѓоргова Ј., Зужелова М., Лазаревска Е., Кануркова Л., Вандевска В. ПРИЛОГ КОН ЕПИДЕМИОЛОГИЈАТА НА ДЕНТОФАЦИЈАЛНИТЕ НЕПРАВИЛНОСТИ КАЈ СКОПСКИТЕ ДЕЦА. Макед. стоматол. прегл.1988, XII (1-2): 21-25.

Трудовите од 8 до 14 за изборот во звањето асистент се рецензирани во Билтенот број 595 на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" - Скопје, во 1993 година.

8. **Кануркова Л.** ТРАНСВЕРЗАЛНИ ОДНОСИ И ПРОМЕНИ ВО ОРОФАЦИЈАЛНАТА РЕГИЈА КАЈ УНИЛАТЕРАЛНИТЕ ВКРСТЕНИ ЗАГРИЗИ**,** Стоматолошки факултет, Скопје, 1989, **магистерски труд**.
9. Ќофкарова Н., Кануркова Л. **ЕВАЛУАЦИЈА МАКСИЛАРНИХ ПРОМЕНА ПОМОЧУ ПА ТЕЛЕРАДИОГРАФИЈЕ КОД УНИЛАТЕРАЛНИХ УКРШТЕНИХ ЗАГРИЖАЈА** (Збирка апстракти) на VI Конгрес на ортодонтите на Југославија, Сараево, 1990:143.
10. Ќофкарова Н., Кануркова Л. **ВАРИЈАЦИЈЕ МЕЂУСОБНИХ ОДНОСА БАЗАЛНОГ УГЛА ЛОБАЊЕ, ВИСИНЕ КОШТАНОГ НЕПЦА И НОСНЕ ДУПЉЕ НА ПРОФИЛНИХ ТЕЛЕРЕНДГЕНОГРАМИМА. (Збирка апстракти) на** VI Конгрес на ортодонтите на Југославија, Сараево, 1990: 79.
11. Кануркова Л. **ПА ТЕЛЕРАДИОГРАФИЈА ВО ДИЈАГНОСТИЦИРАЊЕТО НА УНИЛАТЕРАЛНИТЕ ВКРСТЕНИ ЗАГРИЗИ (Збирка апстракти) на** VI Собир на стоматолозите на Македонија, Дојран,1991:26.
12. Кануркова Л. **ГНАТОМЕТРИСКА АНАЛИЗА КАЈ ИСПИТАНИЦИ СО УНИЛАТЕРАЛЕН ВКРСТЕН ЗАГРИЗ.Усна презентација на** XXX Конгрес на антрополошкото друштво на Југославија, Охрид, 1991.
13. Ѓоргова Ј., Кануркова Л., Јанев Р. ПРИМЕНА НА ЕКСТРАКЦИЈА НА ЗАБИ КАКО МЕТОД ВО ОРТОДОНТСКАТА ТЕРАПИЈА. Макед. стомат. прегл. 1993; 1:15-19.
14. Кануркова Л., Поп-Стефанова - Трпоска М. РЕТКИ СЛУЧИ НА КЛЕИДИКРАНИЈАЛЕН СИНДРОМ СО ХИПО-ХИПЕРДОНЦИЈА. Макед. стоматол. прегл. 1993: 17(3-4):138- 40. V Стоматолошки собир на лекарите на Македонија, Дојран, 1991.

За реизборот во звањето асистент трудовите се рецензирани во Билтенот број 667 на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, во 1996 година.

15. **Кануркова Л.,** Ѓоргова Ј. ТРАНСВЕРЗАЛНИ И САГИТАЛНИ ОТСТАПУВАЊА НА ДЕНТАЛНИТЕ ЛАКОВИ КАЈ ИСПИТАНИЦИ СО УНИЛАТЕРАЛЕН ВКРСТЕН ЗАГРИЗ (Збирка апстракти) на I Конгрес на стоматолозите од Македонија, Охрид, 1994:38.

16. Бојациев Т., Стоева Е., Даскалова Б., ПопСтефанова М., **Кануркова Л.** ДИЗАЈН И КОНСТРУКЦИЈА НА ОРТОДОНТСКИ ФИКСНИ И ПОДВИЖНИ ТЕРАПЕВТСКО-ТЕХНИЧКИ МЕХАНИЗМИ ВО СТОМАТОЛОШКАТА ПРАКТИКА. Презентиран на VI Собир на стоматолозите на Македонија, Дојран,1995.
17. Кануркова Л. **МОРФОЛОШКЕ ПРОМЕНЕ У ОРОФАЦИЈАЛНОЈ РЕГИЈИ КАО РЕЗУЛТАТ УНИЛАТЕРАЛНОГ УКРШТЕНОГ ЗАГРИЖАЈА. Усна презентација, печатен во Зборник радова 20-те стоматолошке недеље Србије, Брезовица, 1995:183-187.**
18. Ѓоргова Ј., Кануркова Л., Ципунова Б., Манева М. УЗАЈАМНИ ОДНОС ИЗМЕЂУ МЕЗИОДИСТАЛНИХ ПРОМЕРА ЗУБА И ДИМЕНЗИЈА ДЕНТАЛНИХ ЛУКОВА. Билттен УОЈ, XXIX; 1-2; 1996:19-24.
19. Кануркова Л., Ѓоргова Ј., Ципунова Б. ПРИМЕНА МУЛТИДИМЕНЗИОНАЛНЕ АНАЛИЗЕ КОД ЗБИЕНОСТИ ЗУБА. Презентиран на I Симпозиум на ортодонтите на Југославија, Ниш, 1996. Печатен во Билтен УОЈ, XXIX; 1-2, 1996: 31-36.

За повторен реизборот во звањето асистент, рецензираните трудови се објавени во Билтенот број 758 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје, мај 2000 година.

20. Ѓоргова Ј., Зужелова М., Ципунова Б., **Кануркова Л**., Тошевска Н. НАШИ СОГЛЕДУВАЊА ОКОЛУ ТРЕТМАНОТ НА ДИЗГНАТИИТЕ ВО ОРТОДОНЦИЈАТА. Печатен во Макед. стоматол. прегл 1996; 20 (1-4): 38-43. Трудот е рецензиран во Билтен бр.677, стр. 217 во 1997 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.
21. Димова Ц., Јанев Ј, Царчев П, Величковски Б, Симјановска Б, Поповска М, **Кануркова Л.** THERAPY ASPECTS OF TRAUMATIC LUXATION AND EXPULSION OF FRONTAL TEETH. Печатен во збирка апстракти од II Балкански стоматолошки конгрес (БАСС) од Белград 1997; 112-113. Трудот е рецензиран во Билтен број 713 кај ас. д-р Б. Величковски, во 1998 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.
22. Ѓоргова Ј, Ципунова Б., Кануркова Л., Г.Ќурчиева Г., Тошеска Н. КОРЕЛАЦИЈА ВО ЕТИОЛОГИЈАТА И МОРФОЛОГИЈАТА НА КЛАСА II/1 И МОЖНОСТИТЕ ЗА ДИЈАГНОСТИЧКИ ТЕРАПИСКИ ПРИСТАП. III Трансфер на наука, Дојран, 1997 .
23. Ципунова Б., Ѓоргова Ј.,Кануркова Л., Петрова Е. КЕФАЛОМЕТРИЈСКА АНАЛИЗА ПОЈЕДИНИХ ЛИНЕАРНИХ И АНГУЛАРНИХ ПАРАМЕТАРА КОД ИСПИТАНИКА СА МАЛОКЛУЗИЈОМ II КЛАСА 1 ОДДЕЛЕНИЈА. Печатен во Билтен УОЈ XXX; 2(1997):103-110.
24. Г. Ќурчиева-Чучкова, Н. Тошевска, Ц. Мишевска, Кануркова Л. **ПРОЦЕНА НА ЗБИЕНОСТА ВО ДЕНТАЛНИТЕ ЛАКОВИ КАЈ ПЕРМАНЕНТНАТА ДЕНТИЦИЈА. Печатен во збирка апстракти** II Конгрес на стоматолозите од Македонија, Охрид 1998: 41.
25. Ципунова Б., Ѓоргова Ј., Ќурчиева Г, Кануркова Л. **ИНТЕРЦЕПРИВНА ОРТОДОНЦИЈА-МОЖНОСТИ И ЛИМИТАЦИИ**. Печатен во збирка апстракти, II Конгрес на стоматолозите од Македонија, Охрид 1998: 54.
26. Ѓоргова Ј., Ципунова Б., Кануркова Л., Ќурчиева Г., Тошевска Н., Мишевска Ц. КОРЕЛАЦИЈА МЕЃУ КРАНИОМАНДИБУЛАРНИОТ ИНДЕКС И АГОЛОТ S-N-B КАЈ ПРОГЕНИ ЗАГРИЗИ. Печатен во збирка апстракти II-от Конгрес на стоматолозите од Македонија, Охрид 1998: 55.
27. Кануркова Л., Ѓоргова Ј., Ципунова Б., Тошеска Н. ПРИМЕНА НА ФИКСНА ОРТОДОНТСКА ТЕРАПИЈА СО ЕКСТРАКЦИЈА И БЕЗ ЕКСТРАКЦИЈА НА ЗАБИ. Печатен во звирка апстракти на II Конгрес на стоматолозите од Македонија, Охрид 1998:59.

За избор во звањето научен соработник по предметот Ортодонција рецензираните трудови се објавени во Билтенот број 850 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, во април 2004 година.

28. **Кануркова Л.** EVALUATION OF DENTAL AND SKELETAL DEFECTS WITH POSTERIOR CROSSBITE. Печатен во збирка апстракти од I Интернационален симпозиум на Ортодонтското здружение од Анкара за ТМЗ одржан во Анталија 1999: 31.

29. Кануркова Л. **ПРИМЕНА** НА МУЛТИДИМЕНЗИОНАЛНА АНАЛИЗА ПРИ ДИЈАГНОСТИЦИРАЊЕ НА ТРАНСВЕРЗАЛНИТЕ ОТСТАПУВАЊА ВО **ДЕНТО-ФАЦИЈАЛНАТА РЕГИЈА. Стоматолошки факултет, Скопје,** 2000, **докторска дисертација**.
30. Тошеска-Спасовска Н, Мишевска Ц, Кануркова Л, Гудевска И, Спасов З. ORTHODONTIC TREATMENT OF CLAS II DIVISION 1 MALOCCLUSION: A CASE REPORT. V-th Congress of the Balkan Stomatological Society (Abstract book), Thessaloniki, Hellas, 2000:257. Рецензиран во Билтен број 761 на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" - Скопје во 2000 година.

За реизборот во звањето асистент, рецензираните трудови се објавени во Билтенот број 846 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, во март 2004 година.

31. **Кануркова Л.**, Ѓоргова Ј. APPLICATION OF MULTIDIMENSIONAL ANALYSIS IN DIAGNOSING CROSS BITE. The I-st World Edgewise Orthodontic Congress & Lecture for Dental Hygienist (Abstract book), Seoul, Korea, 2001:100. Рецензиран во Билтен број 802 на Унивреизетот "Св.Кирил и Метидиј"во Скопје од 2002 година.
32. Кануркова Л., Тошеска Н., Ѓоргова Ј., Гудеска И. EXAMINATION OF SIZE ON MAXILLAR AND MANDIBULAR ARCHES IN SUBJECTS WITH CROWDING AND CROSS BITES. 7-th Congress of the Balkan Stomatologigal Society (Abstract book), Kushadasi, Turkey. 2002:190. Рецензиран во Билтен број 826 на Унивреизетот „Св.Кирил и Метидиј" - Скопје од 2003 година.
33. Toseska-Spasova N, **Kanurkova L,** Gjorgova J, Kurcieva-Cuckova G. DETERMINATION OF THE MESIODISTAL CROWN ANGULATION IN CASES WITH NORMAL OCCLUSION**.** 7-th Congress of the Balkan Stomatologigal Society (Abstract book), Kushadasi, Turkey, 2002:191. Рецензиран во Билтен број 826 на Унивреизетот "Св.Кирил и Метидиј"во Скопје од 2003 година.
34. Misevska C., Gjorgova J., Kanurkova L. INFLUENCE OF HYPODONTIA ON DENTAL ARCH DEVELOPMENT. 78-th European Orthodontic Congress, (Abstract book), Sorrento, Italy, 2002:196.
35. Тошеска-Спасова Н, Кануркова Л, Ѓоргова Ј, Ќурчиева-Чучкова Г. DETERMINATION OF THE MESIODISTAL CROWN ANGULATION IN CASES WITH NORMAL OCCLUSION**.** 7-th Congress of the Balkan Stomatologigal Society (Abstract book), Kushadasi, Turkey 2002:191. Рецензиран во Билтен број 826 на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" - Скопје, од 2003 година.
36. Мишевска Ц., Ѓоргова Ј., Кануркова Л. DETERMINATION OF THE MESIODISTAL CROWN ANGULATION IN CASES WITH NORMAL OCCLUSION**.** 7-th Congress of the Balkan Stomatologigal Society (Abstract book), Kushadasi, Turkey 2002:196.
37. Кануркова Л, Ѓоргова Ј, Ципунова Б, Мишевска Ц. КРАНИОМАНДИБУЛАРНА АСИМЕТРИЈА УСЛОВЕНА ОД ДИСФУНКЦИЈА НА ТЕМПОРОМАНДИБУЛАРНИОТ ЗГЛОБ. XXX **Конгрес на стоматолозите од Македонија (Зборник на апстракти), Охрид, 2002:163.**
38. Ципунова Б, Кануркова Л, Тошеска-Спасова Н, Мишевска Ц. КОМБИНИРАН ОРТОДОНТСКОХИРУРШКИ ПРИСТАП ВО ТРЕТМАНОТ НА МАЛОКЛУЗИИТЕ. XXX **Конгрес на стоматолозите од Македонија (Зборник на апстракти), Охрид, 2002:157.**
39. Кануркова Л, Димова Ц, Гудевска И, Ципунова Б. ОРТОДОНТСКО-ХИРУРШКИ ТРЕТМАН НА ЕКТОПИЧНО ПОСТАВЕНИ КАНИНИ. XXX **Конгрес на стоматолозите од Македонија (Зборник на апстракти), Охрид, 2002:164.**
40. Гудеска И, Ѓоргова Ј, Кануркова Л, Мишевска Ц. КАРАКТЕРИСТИКИ НА АПИКАЛНАТА БАЗА КАЈ СЛУЧАИ СО НЕПРАВИЛНОСТИ ОД II/1 и II/2. III **Конгрес** на стоматолозите од Македонија (Зборник на апстракти), Охрид, 2002: 165.
41. Кануркова Л., Ѓоргова Ј. CLINICAL APPLICATION OF POSTERO-ANTERIOR CEPHALOMETRIC METHODS IN DIAGNOSING POSTERIOR CROSSBITE. 79-th European Orthodontic Congress (Abstract book), Prague, Czech Republic, 2003:239.

42. Ѓоргова Ј, Кануркова Л, Џипунова Б. EVALUATION OF MAXILLARY PROTRUSION USING MCNAMARA'S ANALYSIS. 79-th European Orthodontic Congress,(Abstract book), Prague,Czech Republic, 2003:435.

За избор на наставник во насловно звање насловен доцент по предметот Ортодонција се рецензирани и објавени трудови во Билтенот број 850 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, од 1 јули 2008 година.

43. **Кануркова Л.** ORTHODONTIC TREATMENT FOR THE ADULT NONSURGIGAL PATIENT. 9-th Congress of the Balkan Stomatological Society (Abstract book), Ohrid, Macedonia, 2004:23.
